

БИОГРАФИЈА

ДЕЈАН КОШУТИЌ, ДИПЛ. ЕЛ. ИНЖ.

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР И

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА

ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Дејан КОШУТИЌ, по националност Србин, е роден 1969 година во Косовска Митровица. Основно образование завршил во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Орце Николов" во Скопје, електро-техничка насока. Дипломирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје во 2009 година, на тема: „Електрични машини, погони и автоматизација во *Mitsubishi KX2 Multi Driven Inverter Systems*", со што се стекнал со звање дипл. ел. инж. - Енергетика и индустриска автоматизација.

Своето долгогодишно и мошне плодно работно искуство го започнал во 1996 година како Проектен менаџер во Омнитрејд Скопје, каде работел на проектирање и инженеринг на системи за климатизација *Mitsubishi*.

Во 2002 година, од страна на Владата на РСМ е назначен за Заменик министер на транспорт и врски при Министерство за транспорт и врски на РСМ. За време на неговиот четири годишен мандат (2002-2006) како Заменик Министер, раководел и управувал со бројни и значајни проекти и преговори со меѓународни организации, од кои по својата значајност, како клучни, се издвојуваат:

- Реструктурирање на Македонски железници со: Припрема и усвојување на нови закони за железница и трансформација на железницата; Репрограмирање на конвенциски обврски кон странски железници за период 1991-94; Преговори и договор со Мисијата на Светска Банка за заем од 15 милиони евра; Подготовка и изработка на 5-годишен бизнис план.
- Скопска обиколница фаза II со: Преговори и договор со ЕБОР за финансирање и
- Реконструкција на мостови на Коридор X со: Преговори и договор со НАТО за Грант од 35 милиони евра за реконструкција.

Од 2008 година е назначен за Извршен Директор на Скопски Саем Група, каде раководел со бројни развојни проекти, управување со имот и организација на настани.

Од 2021 година е назначен за Раководител на странски пазари во ДГ БЕТОН АД Скопје.

Во 2023 година е избран за Проектен Директор во *BIG MEGA RENEWABLE ENERGY* / БИГ МЕГА МЕНАЏМЕНТ, со Раководење на менаџмент компанијата и проектните компании на клучните проекти:

- PVPP Пробиштип 1 – Sky Solar (120MW),
- PVPP Пробиштип 2 – Dam Energy (130MW) и
- PVPP Штип Солар (80MW).

Како долгогодишен искусен менаџер со локално и меѓународно искуство на високо професионално ниво во работењето, со извонредни деловни вештини во стратешко планирање и имплементација со докажана евиденција во поддршка на деловните потреби, се истакнува во неговите области на експертиза, кои вклучуваат: Комерцијален недвижен имот; Проектен менаџмент; Проектно инженерство; Развој на деловен план; Развој на нови бизниси; Менаџмент консултации; Организација на настани; Трговски центри; Реструктурирање; Подобрување на перформанси; Кризен менаџмент и др.

Реализирал значајни проекти и достигнувања во областите на: Управување со големи проекти за обновлива енергија; Реструктурирање на Македонски железници; Преговори и обезбедување финансирање од НАТО, ЕБРД, СВЕТСКА БАНКА; Развој на нова законска регулатива во различни сектори: Железници, Реструктурирање на железници, Градење, Урбанистичко планирање, Електронски комуникации, Радиодифузија, Воздушна пловидба. Учествувал на бројни домашни и странски конференции, самити, симпозиуми, работилници и др.

Поседува професионални лиценци издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РСМ:

- Лиценца А за проектирање на електротехника и
- Лиценца А за надзор на електротехника.

Со Одлука на Надзорен одбор на Железници на Северна Република Македонија Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Генерален директор и Претседател на Управен одбор на Железници на Северна Република Македонија Транспорт АД-Скопје (ЖРСМ Транспорт АД-Скопје).



BIOGRAPHY

DEJAN KOSHUTIKJ, graduated electrical engineer

DIRECTOR GENERAL and

CHAIRMAN OF THE BOARD OF DIRECTORS

RAILWAYS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA TRANSPORT JSC-SKOPJE

Dejan KOSHUTIKJ, Serbian by nationality, was born in 1969 in Kosovska Mitrovica.

He completed his primary education in Skopje and continued his secondary education at SUGS "Orce Nikolov"- education and training for electrical technicians, in Skopje.

He graduated at the Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies at the University of St. Kiril and Metodij - Skopje in 2009, on the graduate thesis: "*Electrical machines, drives and automation in Mitsubishi KX2 Multi Driven Inverter Systems*", thus acquiring a title of graduated electrical engineer - Energy and industrial automation.

He started his long and very productive work experience in 1996 as a Project Manager at "Omnitrade Skopje", where he worked on the design and engineering of air conditioning systems *Mitsubishi*.

In 2002, he was appointed by the RNM Government as a Deputy Minister of Transport and Communications at the Ministry of Transport and Communications of RNM. During his four-year mandate (2002-2006) as Deputy Minister, he governed and managed numerous and significant projects and negotiations with international organizations, of which, according to their importance, the following stand out as key:

- Restructuring of Macedonian Railways with: Compilation and adoption of new railway laws and restruction of the railway; Reprogramming of convention obligations towards foreign railways for the period 1991-94; Negotiations and agreement with the World Bank Mission for a loan of 15 million euros; Strategize and development of a 5-year business plan.

- Skopje ring road phase II with: Negotiations and agreement with EBRD for financing and Reconstruction of bridges on Corridor X with: Negotiations and agreement with NATO for a Grant of 35 million euros for reconstruction projects.

Since 2008, he has been appointed Executive Director of the Skopje Fair Group, where he has been in charge of numerous development projects, property management and event organization.

Since 2021, he has been appointed Head of Foreign Markets at DG BETON AD Skopje.

In 2023, he was elected as the Project Director in BIG MEGA RENEWABLE ENERGY / BIG MEGA MANAGEMENT, where he managed the company and project companies on key projects:

- PVPP Probishtip 1 – Sky Solar (120MW);

- PVPP Probishtip 2 – Dam Energy (130MW) and

- PVPP Shtip Solar (80MW).

As a long-term experienced manager with local and international experience at a highly professional working level, with outstanding business skills in strategic planning and implementation with a proven results in supporting and meeting business needs, he excels in his areas of expertise, which include: Commercial Real Estate; Project management; Project engineering; Business plan development; Development of new businesses; Management consulting; Organization of events; City malls; Restructuring; Performance improvement; Crisis management etc.

He has successfully implemented significant projects and achievements in the areas of: Management of large renewable energy projects; Restructuring of Macedonian Railways; Negotiations and provision of financial resources from NATO, EBRD, WORLD BANK; Development of new legislation in various sectors: Railways, Restructuring of Railways, Construction, Urban Planning, Electronic Communications, Broadcasting, Aviation. He attended numerous domestic and foreign conferences, summits, symposiums, workshops, etc.

He holds professional Certificate of licenses issued by the Chamber of Certified Architects and Certified Engineers of the RSM:

- Certificate of License A for electro-technical projects and

- Certificate of License A for supervision of electro-technical projects.

By Decision of the Supervisory Board of the Railways of the Republic of North Macedonia Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, he has been appointed as the Director General and President of the Management Board of the Railways of the Republic of North Macedonia JSC-Skopje (RRNM Transport JSC-Skopje).

БИОГРАФИЈА



ЈУЛИЈАНА ВЕРИГИЌ

ДИРЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И КОРПОРАТИВНИ ФУНКЦИ И

ЧЛЕН НА УО НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Јулијана ВЕРИГИЌ дипломирала на Правниот Факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, каде се стекнала со стручно звање Дипломиран правник.

Своето долгогодишно професионално работно искуство го започнува како правник-помлад соработник во приватна фирма „Еврокомерц - Скопје" од 1990 година.

Во 1992 година се вработува како Управител во „Јулен Експорт-Импорт", претпријатие за застапување, посредување и трговија на големо и мало.

Од 2007 година се вработува во МЖ Транспорт АД-Скопје и својата професионална кариера ја гради посветено низ годините во оваа компанија на следните работни позиции:

- Референт за работни односи во Правно одделение во Подружница за патнички сообраќај;
- 2010 година, Референт за имотно-правна заштита во Одделение за правни работи;
- 2014 година, Самостоен Референт за имотно-правна заштита и трговско право во Одделение за правни работи во Дирекција;
- 2015 година, Раководител на Одделение за трговско право и имотно-правни работи во Дирекција;
- 2015 година, именувана за Директор на правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции;
- 2017 година, Раководител на Одделение за трговско право и имотно-правни работи во Дирекција;

- 2019 година, Раководител на Одделение за човечки ресурси во правната служба.

Во текот на своето професионално работење, котинуирано го усовршува своето образование и вештини со учество на обуки, работилници, семинари и конференции во земјата и странство од областа на правото, познавање и следење на законите и регулативите, како и управување со човечките ресурси.

Со Одлука на Надзорен одбор на Железници на Северна Република Македонија Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначена за Директор за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.

BIOGRAPHY



JULIJANA VERIGIKJ

DIRECTOR OF LEGAL AFFAIRS, HUMAN RESOURCES AND CORPORATE ACTIVITIES and

MEMBER OF MANAGEMENT BOARD

RRNM TRANSPORT JSC SKOPJE

Juliana VERIGIKJ graduated at the Faculty of Law "Justinian the first" at the University "St. Cyril and Methodius" - Skopje, thus acquiring a professional title of Lawyer.

She started his many years of professional work experience as a lawyer-junior associate in the private company "Eurokomerc - Skopje" since 1990.

In 1992, she was employed as a manager in "Julen Export-Import", a company with representational activities, mediation and wholesale and retail trade.

Since 2007, she has been employed at MZ Transport AD-Skopje (now renamed as the RRNM Transport JSC Skopje) and and throughout the years spent in this company, she builds her professional career dedicated to the following positions:

- Officer in charge for work relations in the Legal affairs department in the Passenger Traffic Branch;

- 2010, Officer in charge for legal protection of property in the Legal affairs department;

- 2014, Chef officer in charge for legal protection of property and commercial law in the Legal affairs department in the Directorate;

- 2015, Head of the Department of commercial law and property and legal affairs in the Directorate;

- 2015, appointed as the Director of Legal Affairs, Human Resources and Corporate Functions;

- 2017, Head of the Department of commercial law and property and legal affairs in the Directorate;

- 2019, Head of the Human Resources Department within the Legal affairs department.

During her professional career, she continuously upgrades her education and skills by attending in trainings, workshops, seminars, conferences in the country and abroad in the field of law, whereby she ascertains its knowledge and monitors compliance with laws and regulations, as well as human resource management.

By Decision of the Supervisory Board of the Railways of the North Republic of Macedonia Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024 she was appointed as the Director of Legal affairs, Human Resources and Corporate Activities and Member of Management Board of RRNM Transport JSC Skopje.



БИОГРАФИЈА

м-р ГОРАНЧО ЈОВАНОВСКИ

ДИРЕКТОР НА ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ И
ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА
ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Горанчо ЈОВАНОВСКИ е роден 1971 година во Крива Паланка. Основно и средно образование завршил во Скопје. Магистерските студии ги завршил во 2011 година, при што се стекнал со звање м-р по менаџмент на човечки ресурси.

Почетоците на своето 27 годишно професионално работно искуство ги бележи во Завод за Статистика, каде во периодот од 1994 до 1997 година, ја започнал својата работна кариера која се движи во нагорна линија.

Од 1997 до 2007 година работел во Собрание на Општина Гази Баба.

Од 2007 до 2010 година работел во Собрание на РМ.

Од 2010 година работи во МЖ Транспорт АД-Скопје, каде неговите квалитативни професионални услуги, во поголемиот дел од речиси 14 години, се користуваат во делот за патнички сообраќај.

За време на неговото досегашно професионално и работно искуство, како м-р по менаџмент на човечки ресурси, учествувал на повеќе семинари, работилници, презентации и дебати организирани од страна на домашни и странски државни институции и невладини организации, од повеќе области: човечки ресурси, решавање на конфликти, човекови права, анализа на ризик, комуникациски вештини, менаџмент и др.

Со Одлука на Надзорен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Директор на патнички сообраќај и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.



BIOGRAPHY

MSc. GORANCHO JOVANOVSKI

DIRECTOR OF PASSINGER TRAFFIC and MEMBER OF MANAGEMENT BOARD OF RRNM TRANSPORT JSC SKOPJE

Gorancho JOVANOVSKI was born in Kriva Palanka in 1971. He completed primary and secondary education in Skopje. He completed his master's studies in 2011, earning a master's degree in human resource management.

He gained his 27 years of professional work in the Institute of Statistics, where he started his working career in the period from 1994 to 1997, and since then he has gained a significant experience in several work organizations.

From 1997 to 2007, he worked in the citizens' assembly of Gazi Baba Municipality.

From 2007 to 2010, he worked in the Assembly of the Republic of Macedonia.

Since 2010, he has been working at MZ Transport AD-Skopje, where his qualitative professional services, for most of almost 14 years, have been used in the passenger traffic section.

During his previous professional and work experience, as an MSc in human resources management, he attended several seminars, workshops, presentations and debates organized by domestic and foreign state institutions and non-governmental organizations, in several areas: human resources, conflict resolution, human rights, risk analysis, communication skills, management, etc.

By Decision of the Supervisory Board of RRNM Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024 he was appointed as the Director of Passenger Traffic and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.



БИОГРАФИЈА

ДИМИТАР СТЕФАНОВ

ДИРЕКТОР НА ТОВАРЕН СООБРАЌАЈ И
ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА
ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Димитар СТЕФАНОВ е роден на 24.07.1966 година во Скопје, каде завршил основно и средно образование. Во 1993 година завршил Виша железничка школа во Белград, Србија, каде се стекнал со звање Сообраќаен инженер. Во 2011 година дипломирал на Факултетот за бизнис и економија во Скопје, каде се стекнал со звање Дипломиран Економист.

Целиот свој работен стаж од 1986 година до денес, речиси 40 години, го поминува во Македонски железници, во делот за Сообраќај/Товарен сообраќај, движејќи се низ повеќе скалила во организациската структура.

Почнувајќи од магационер и стоков благајник, благодарение на посветеноста и професионалното работење, се искачува по хиерархиската скала во својата професионална кариера во Македонски Железници, од транзитер, царински посредник, отправник на возови, школски инструктор, оперативен помошник Шеф, референт во сообраќајно технолошка служба, Шеф во РЕ Влеча, референт во финансово материјално книговотство, Раководител на обучен центар, Советник за превоз на опасни материи, сè до Директор на Подружница за Товарен сообраќај.

Со Одлука на Надзорен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Директор на товарен сообраќај и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.



BIOGRAPHY

DIMITAR STEFANOV

DIRECTOR OF FREIGHT TRAFFIC AND MEMBER OF THE MANAGEMENT BOARD OF RRNM TRANSPORT JSC-SKOPJE

Dimitar STEFANOV, born on July 24, 1966 in Skopje, where he completed his primary and secondary education. In 1993, he graduated at the College of Railway Traffic in Belgrade, Serbia, where he earned the title of Traffic Engineer. In 2011, he graduated at the Faculty of Business and Economics in Skopje, where he acquired the title of Graduated Economist.

He spent his entire working experience from 1986 till today, almost 40 years, in Macedonian Railways, in the Freight traffic department, gaining experience to various levels of grade structure in organization.

Starting as a storekeeper and goods cashier, as a result of his dedicated and professional work, he made a big progresses reaching various hierarchical levels in his professional career in Macedonian Railways (now renamed as the: Railways of the Republic of North Macedonia Transport), from checker (train transit controller), customs broker, movements inspector, school instructor, operational assistant Chief, Officer in the traffic technology service, Head of RE Vleča (Traction train department), financial material bookkeeping officer, Head of the educational center for professional railway training, Advisor for transportation of dangerous goods and all the way to Director of Freight Traffic Branch.

By Decision of the Supervisory Board of RRNM Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, he was appointed as the Director of Freight Traffic and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.



БИОГРАФИЈА

СВЕТЛАНА КРСТЕВСКА

ДИРЕКТОР ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОДАЖБА

ЧЛЕН НА УО НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Светлана КРСТЕВСКА родена 20.01.1963 година во Скопје. Има завршено средно Економско училиште и Економски факултет од областа на бизнис администрација.

Целиот свој работен стаж од 38 години, го поминува во Македонски Железници, движејќи се низ повеќе скалила во организациската структура.

Вработена е на 10.07.1986 година како стоковен благајник во РЕ Скопје Товарна и таму работи до 1993 година.

Од 1993 до 2007 година работи како Транспортно-комерцијален контролор и Раководител на транспортно комерцијална служба во Сообраќаен погон Скопје.

Од 2007 до 2015 година работи како Раководител на Одделение за маркетинг, продажба и тарифи во Дирекција на Македонски Железници.

Од 2015 до 2017 година е именувана за Директор за маркетинг, продажба, тарифи и меѓународни односи и Член на УО на МЖ Транспорт АД-Скопје.

Од 2017 до 2024 година работи како Раководител на Одделение за маркетинг, продажба и тарифи.

Присуствувала на бројни национални и меѓународни конференции, семинари, предавања и работилници од областа на маркетинг и продажба.

Со Одлука на Надзорен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначена за Директор на маркетинг и продажба и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.

BIOGRAPHY



SVETLANA KRSTEVSKA

DIRECTOR OF MARKETING AND SALES

MEMBER OF THE MANAGEMENT BOARD OF

RRNM TRANSPORT JSC-SKOPJE

Svetlana KRSTEVSKA, was born on January 20, 1963 in Skopje. She completed high school of Economics and graduated at the Faculty of Economics in the business administration program.

She spent her entire working experience of 38 years in Macedonian Railways (now renamed as the: Railways of the Republic of North Macedonia), gaining experience and making progress to various levels of grade structure in organisation.

She was employed on July 10, 1986 as a goods cashier at the WU Skopje Tovarna and worked there until 1993.

From 1993 to 2007, she worked as a Transport-Commercial Controller and Head of the Transport-Commercial Service in the Soobrakaen pogon Skopje (Traffic sector Skopje).

From 2007 to 2015, she worked as the Head of the Department for Marketing, Sales and Tariffs in the Directorate of Macedonian Railways.

From 2015 to 2017, she was appointed Director of Marketing, Sales, Tariffs and International Relations and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.

From 2017 to 2024, she worked as the Head of the Department for Marketing, Sales and Tariffs.

During her career, she attended numerous national and international conferences, seminars, lectures and workshops in the field of marketing and sales.

By Decision of the Supervisory Board of RRNM Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, she was appointed as the Director of Marketing and Sales and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.



БИОГРАФИЈА

м-р ВЕСНА СИЉАНОСКА-ТРАЈКОСКА

ДИРЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ И ЕКОНОМСКИ РАБОТИ И ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Весна СИЉАНОСКА-ТРАЈКОСКА е родена 1978 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. После универзитетските студии се запишува на магистерски студии, каде по завршувањето и одбраната на тема: „Инвестициски циклус во однос на железнички транспорт во РМ", се стекнува со звање м-р по економски науки.

Своето досегашно професионално 23 годишно работно искуство го започнува во 2001 година во ЈП Ремонт на пруги АД-Скопје, каде како Референт за материјално книговодство работи до 2010 година.

Од 2010 година, до денес, професионалната кариера ја продолжува во Македонски Железници Транспорт АД-Скопје, каде како професионалец за изработка на квартални и годишни извештаи за компанијата, бизнис планови, финансиска и инвестициона програма, статистики, аналитички податоци за локален и меѓународен патнички сообраќај, товарен сообраќај, маркетинг, финансии, движење на човечки ресурси, во соработка со Министерство за транспорт и врски, Агенцијата за железнички сообраќај, Заводот за статистика, Меѓународна статистика-УИЦ и во соработка со проекти на Светска Банка и ЕБОР, го бележи својот професионален развој и континуитет како: Референт во Сметководство; Референт во Финансово одделение; Референт во Служба за маркетинг и продажба; Главен Референт во Одделение за план, развој, студии и статистика; Главен референт во материјално книговодство и Раководител во Одделение за план, развој, студии и статистика.

За време на досегашното работно и професионално искуство, учествувала на бројни домашни и меѓународни семинари и обуки, конференции и предавања од областа на сметководство, книговодство, буџет, финансии итн. Учествува во едукативни и тематски работилници и постојано професионално се усовршува согласно пропишаните програми на КПУ. Поседува и сертификат за:

- Овластен сметководител со ИСОС – Заведен во Централен регистар.

Со Одлука на Надзорен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Директор за финансиски и економски работи и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје.



BIOGRAPHY

MSc. VESNA SILJANOSKA-TRAJKOSKA

DIRECTOR OF ECONOMIC AND FINANCIAL OPERATIONS and MEMBER OF MANAGEMENT BOARD OF

RRNM TRANSPORT JSC SKOPJE

Vesna SILJANOSKA-TRAJKOSKA was born in 1978 in Skopje, where she completed primary and secondary education. After university studies, she enrolled a master's degree program, where after defending the thesis : "Investment cycle in relation to railway transport in the Republic of Macedonia", she earned a title of Master of Economic Sciences.

She started her professional work experience of 23 years in 2001 in PU Remont na prugi JSC-Skopje, where she worked until 2010 as a material bookkeeping officer.

From 2010, until today, she continues her professional career in Macedonian Railways Transport JSC-Skopje (now renamed as the: Railways of the Republic of North Macedonia Transport JSC Skopje), where as a professional for the preparation of quarterly and annual reports for the company, business plans, financial and investment program, statistics, analytical data for local and international passenger traffic, freight traffic, marketing, finance, human resource development, aligning its work in collaboration with with the Ministry of Transport and Communications, the Agency for Railway Traffic, the Bureau of Statistics, International Statistics-UIC and in cooperation with World Bank and EBRD projects, reflects his professional development in continuity as: an officer in Accounting; an officer in the Finance Department; an officer in the Marketing and Sales Service; Chief Officer in the Planning, Development, Studies and Statistics Department Planning, Development, Studies and Statistics Department; Chief officer in material bookkeeping and Head of Planning, Development, Studies and Statistics Department.

During her previous work and professional experience, she attended numerous domestic and international seminars and educational training, conferences and lectures in the field of accounting, bookkeeping, budget, finance, etc.she participates in educational and thematic workshops and constantly achieves professional progress according to the prescribed programs of KPU. She also earned a certificate for:

- Certified accountant with ISOS – Registered in the Central Registry.

By Decision of the Supervisory Board of RRNM Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, she was appointed as the Director of Financial and Economic Affairs and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.

БИОГРАФИЈА



м-р ИГОР КОРУНОСКИ

ДИРЕКТОР ЗА ВЛЕЧА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗНИТЕ СРЕДСТВА И

ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР НА

ЖРСМ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Игор КОРУНОСКИ е роден на 16.05.1980 година во Прилеп. Во 2007 година дипломирал на Машински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј-Скопје", отсек хидротехника, пневматика и автоматика, група автоматика, при што се стекнал со звање Дипломиран машински инженер. Во 2018 година магистрирал на Машински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј-Скопје", при што се стекнал со звање Магистер по технички науки.

Своето, речиси две деценискo и плодно работно искуство го започнал во 2007 година во МЗТ Пумпи Скопје, каде до 2009 година работи како маркетинг асистент.
Од 2010 до 2011 година работи како инжинер технолог во МЖ Транспорт АД Скопје.
Од 2011 до 2012 година е назначен за Директор на Подружница за влеча на возови во МЖ Транспорт АД Скопје.
Од 2012 до 2017 година е назначен за Член на Управен одбор и Директор за влеча и одржување на возни средства во МЖ Транспорт АД Скопје.
Од февруари 2017 година до август 2017 година е назначен за В.Д. Претседател на УО и В.Д. Генерален директор на МЖ Транспорт АД Скопје.
Од 2017 до 2024 година работи како Раководител на Одделение за техничка контрола во МЖ Транспорт АД Скопје.

Учествувал во бројни комисии, единици за имплементација на проекти:
Од 2013 до 2017 година бил член на единицата PIU за имплементација на проектот за обнова на возниот парк на МЖ Транспорт АД во соработка со ЕБОР.
Од 2015 година и до денес, сè уште поседува Лиценца за овластен обучувач и испитувач за полагање општа професионална способност, познавање на железничка инфраструктура и познавање на железнички возила.
Од 2023 година и до денес, сè уште е Претседател на комисија за полагање општа професионална способност, познавање на железничка инфраструктура и познавање на железнички возила при МЖ Транспорт АД-Скопје.

Во деловно портфолио се издвојува неговото работење на проекти и научни трудови, како:

Објавен научен труд на тема*: THE INFLUENCE OF THE RAILWAY FLEET MODERNIZATION ON THE ENERGY EFFICIENCY*, на *INTERNATIONAL XVI SCIENTIFIC EXPERT CONFERENCE ON RAILWAYS - RAILCON '14, Nis, Srbija.*

Дипломска работа на тема: „Управување со динамички системи со *OMRON* контролери", Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје".

Магистерски труд: „Концептуален развој на напредни модели за одржување на железнички возни средства" ,Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје", 2018 година.

Проектирање на системи за автоматизација – Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје".

Проектирање на роботски системи – Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј-Скопје".

Учествувал и во невладин сектор:

Од 2006 до 2008 година бил Претседател на здружение на граѓани „Македонска студентска унија".

Во 2008 година бил избран за Претседател на здружение на граѓани „Македонска демохристијанска унија".

Со Одлука на Надзорен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје, на 10.07.2024 година е назначен за Директор за влеча и одржување на возните средства и Член на Управен одбор на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје

BIOGRAPHY



MSc. IGOR KORUNOSKI

DIRECTOR OF TRACTION AND ROLLING STOCK MAINTENANCE AND MEMBER OF THE MANAGEMENT BOARD OF RRNM TRANSPORT JSC-SKOPJE

Igor KORUNOSKi was born on May 16, 1980 in Prilep. In 2007, he graduated at the Faculty of Mechanical Engineering at the University "St. Kiril and Metodij-Skopje", department of hydraulic engineering, pneumatics and automation, automation sector, where he obtained the title of Graduated Mechanical Engineer. In 2018, he acquired a title of Master's degree at the Faculty of Mechanical Engineering at the University of "St. Cyril and Methodius-Skopje", where he obtained a Master's degree in technical sciences.

He started his nearly two-decade successful work experience in 2007 at MZT Pumpi Skopje, when he worked as a marketing assistant until 2009.

Then, from 2010 to 2011, he worked as an engineer technologist at MZ Transport JSC Skopje (now RRNM Transport JSC).

From 2011 to 2012, he was appointed as the Director of the Train Traction Branch in MZ Transport JSC Skopje.

From 2012 to 2017, he was appointed as the Director of Traction and Rolling Stock Maintenance and Member of Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.

From February 2017 to August 2017, has been appointed as the President of the Management Board and Director General of RRNM Transport JSC Skopje.

From 2017 to 2024, he worked as a Head of the Technical Control Department at RRNM Transport JSC Skopje.

He took part in numerous commissions, project implementation units:
From 2013 to 2017, he was a member of the PIU unit for the implementation of the rolling stock renewal project of RRNM Transport JSC in cooperation with the EBRD.

From 2015 until today, he holds a License of an authorized trainer and examiner for acquired general professional ability, knowledge of railway network and knowledge of railway vehicles.
From 2023 until today, he is the President of the Committee for assessment of the acquired general professional ability, knowledge of railway network and knowledge of railway vehicles at RRNM Transport JSC-Skopje.

In his business portfolio, his work on projects and scientific work stands out, such as:

Published scientific work on the topic: THE INFLUENCE OF THE RAILWAY FLEET MODERNIZATION ON THE ENERGY EFFICIENCY, at the INTERNATIONAL XVI SCIENTIFIC EXPERT CONFERENCE ON RAILWAYS - RAILCON '14, Nis, Srbija.
Graduation thesis on a topic: "Management of dynamic systems with OMRON controllers", Faculty of Mechanical Engineering, University "St. Cyril and Methodius-Skopje".
Master's thesis: "Conceptual development of advanced models for the maintenance of railway rolling stock", Faculty of Mechanical Engineering, University "St. Cyril and Methodius-Skopje", 2018.
Design of automation systems - Faculty of Mechanical Engineering, University "St. Cyril and Methodius-Skopje".
Design of robotic systems - Faculty of Mechanical Engineering, University "St. Cyril and Methodius-Skopje".

He also took part in the non-governmental sector:
From 2006 to 2008, he was the President of the Macedonian Student Union.
In 2008, he was elected as the President of the "Macedonian Democratic Christian Union" citizens' association.
By Decision of the Supervisory Board of RRNM Transport JSC-Skopje, on 10.07.2024, he was appointed as the Director of Traction and Rolling Stock Maintenance and Member of the Management Board of RRNM Transport JSC-Skopje.